Почитувани студенти,

Во врска со одржувањето на септемвриската испитна сесија 2020 г. во овие специфични услови, сакаме да ви укажеме на неколку работи со замолница строго да се придржувате кон нив при изведувањето на испитите со физичко присуство.

1. При одржувањето на писмените испити, во еден ден и во една просторија ќе има три термини, во 10:00, 12:00 и во 14:00 часот/ во 9:00, 11:00 и во 13:00 часот, односно студентите што ќе бидат поделени најмногу во три групи.

2. Поделбата на студентите по групи ја прави предметниот професор и за тоа ги известува студентите по електронски пат.

3. Во амфитеатарот во еден термин смеат да полагаат најмногу до 60 студенти, во просториите 114 и 115 најмногу до 20 студенти, во просторијата 116 најмногу до 22 студенти. Со залепена жолта лента на клупите се обележани местата каде што треба да седат студентите.

4. На денот на одржувањето на испитот (ова се однесува и за писмениот и за усниот успит), професорот треба да се симне до главната влезна врата и да ја поведе групата студенти коишто ќе полагаат по следниов распоред на движење:

АМФ – од главната влезна врата покрај Службата за студентски прашања, низ ходникот до амфитеатарот;

114 – од главната влезна врата низ скалите, покрај Службата за сметководство и кабинетот на раководителите, низ ходникот па десно до просторијата 114;

115 – од главната влезна врата покрај Службата за студентски прашања, десно кон задните скали, од скалите право во просторијата 115;

116 – од главната влезна врата низ скалите нагоре, покрај деканатскиот кабинет и Архивата кон просторијата 116.

5. Писмениот испит може да трае најмногу до час и половина затоа што за проветрување на просторијата мора да се остави најмалку половина час**. Студентите ја напуштаат просторијата во која се одвива испитот заедно и истовремено со предметниот професор на крајот од испитот, кој повторно ги спроведува до главната влезна врата. Притоа задолжително да се внимава на физичкото растојание од 2 метра при влегувањето и напуштањето на Факултетот.**

Оваа постапка се повторува за секој термин, односно за секоја група студенти.

6. Одржувањето на усните испити никако ќе биде во помалите простории, онака како што е и наведено во Распоредот за испитите. Во еден ден и во една просторија може да има пет термини за усно полагање, односно студентите што ќе бидат поделени во пет

групи од по три до пет студенти најмногу. Усниот испит започнува со почеток во 9:00 часот. Еден термин најмногу трае до еден час по што следува задолжително проветрување на просторијата и дезинфекција на просторот што го прави самиот професор (на денот на испитот професорот го зема средството од кај хигиеничарките).

7. При влегувањето на Факултетот, без разлика од која причина и за цело време додека сте на Факултетот **задолжително да носите маска и ракавици и да одржувате физичко растојание од 2 метра**.

8. Студентите кои се наоѓаат надвор од државата, се во самоизолација, покажуваат симптоми или се заболени од вирусот поради што не можат да присуствуваат на одредени испити, задолжително да се обратат до продеканката за настава, проф. д-р Весна Макашевска, по електронски пат. **Студентите кои на денот на одржувањето на испитот ќе пројават симптоми на вирусот, ги замолуваме да бидат свесни и совесни и воопшто да не доаѓаат на испит.** За оваа состојба да ги известат предметниот професот и проденката за настава.

9. Заради спречување на ширење на заразата и за да се заштитиме себеси, и студентите и професорите и другите вработени на Факултетот, Службата за студентски прашања ќе биде во постојан контакт со студентите по електронски пат. За итна и неопходна потреба, секој студент треба да се обрати на соодветниот советник што го води неговото досие и детално да му го разјасни своето барање. Советникот ќе постапи по барањето, а доколку е потребно ќе го повика студентот во одреден термин да дојде лично на Факултетот.

Од Управата на Факултетот